DIOGEN
pro kultura magazin pro culture magazine
ISSN 2296-0910 ISSN 2296-0929 ISSN 2296-0937

**Prof. dr Hristo Petreski**

# БИОГРАФИЈА

Проф. Др Христо Петрески е роден на 4.2.1957 година во Крушево. Доктор е по дидактички и методички науки. Докторираше на тема "Авторска бајка - компаративна анализа". Магистрирал на Институтот за македонска литература при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на тема "Хаику поезијата помеѓу елитното и масовното ". Сега е доцент на Универзитетот за аудио-визуелни уметности ЕСРА - Скопје.
Инаку, Христо Петрески е новинар и писател. Бил новинар и уредник во Редакциите на: "Студентски збор", "Млад борец", Радио Скопје и "Нова Македонија".
Од 1982 година е основач и директор на Издавачката куќа "Феникс" – Скопје и Фондацијата за научна и културна афирмација и презентација "Македонија презент" - Скопје. Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1985 година. Еден е од основачите на списанието"Стожер" и манифестацијата "Празник на липите" при Друштвото на писателите на Македонија. Сега е главен и одговорен уредник на списанијата "Тренд" и "Книжевна Академија". Почесен член е на Друштвото на писателите на Србија од 2012 година.

Христо Петрески бил колумнист во весниците "Нова Македонија", "Дневник", "Време" и "Утрински весник", а сега е колумнист во весникот "Ден". Инаку, Петрески бил дописник и член на редакциите на весниците и списанијата: "Младост", "Нове омладинске новине" и "Идеје" (Белград), "Глас омладине" (Нови Сад), "Вјесник" и "Кворум" (Загреб), "Ослобоѓење" (Сараево) и други.

# БИ БЛИОГРАФИЈА

Поетски книги за возрасни: "Огледало" ("Современост" - Скопје, 1979), "Вулканска потреба" ("Култура" - Скопје, 1981), "Разговор со ѕидовите" ("Омладинска искра" - Сплит, 1981), "Во јагодата црв" ("Студентски збор" - Скопје, 1982), "Врв" ("Мисирков" -Битола, 1983), "Штит" ("Мисла" - Скопје, 1985), "Туѓо тело" ("Македонска книга"- Скопје, 1990), "Патник на враќање" ("Мацуо Башо" - Оџаци, 1991), "Забел" (избор, "Мисла" - Скопје, 1991), "Камен јазик" ("Феникс" - Скопје, 1996), "Стаклен клуч" ("Феникс" - Скопје, 2003), "Бело мастило" ("Феникс" - Скопје,2003), "Читање на ненапишаното" ("Феникс" - Скопје, 2009), "Пантомима" ("Феникс" - Скопје, 2009), "Читање на ненапишаното" (Хрватско книжевно друштво - Риека, 2010), "Погрешен човек" ("Матица" - Скопје, 2012).
Поетски книги за деца и млади: "Бонсаи" ("Детска радост" - Скопје, 1991), "Бел петел врн ветер" (брзозоборки, "Детска радост" -Скопје, 1992), "На умните не им требаат скали за качување" ("Феникс" - Скопје, 2008).
Проза за возрасни: "Продавница на чист воздух" ("Мисла" - Скопје, 1988), "Добриот ѓавол" ("Феникс" - Скопје, 1996), "Трета среќа" ("Феникс"- Скопје, 2010), "Пирамида. Лавирнт" ("Бран" - Струга, 2011), "Лифтот (не) е за двајца" ("Феникс" - Скопје, 2011), "Твоите = мои очи" ("Феникс" - Скопје, 2012).
Проза за деца и млади: "Љубов плус" (Детска радост" -Скопје, 1993), "Скопскиот трамвај" ("Феникс" -Скопје, 1996), "Најголемата тајна" ("Феникс" - Скопје, 2004), "Збогум, Кензо Танге" ("Феникс" - Скопје, 2006), Детето што сакаше да стане пчела ("Феникс" - Скопје, 2010), "Златното јаболко и други бајки" ("Вермилион" - Скопје, 2012).
Критики: "Споени садови" ("Наша книга" -Скопје, 1986), "Македонска филмска критика" (ЕСРА -Скопје, 2011), "Македонска театарска критика"(ЕСРА-Скопје, 2011), "Зошто хаику" ("Феникс" - Скопје, 2011).
Публицистика: "Дванаесет горостаси" ("Млад борец" - Скопје, 1983), "Собеседници" ("Наша книга" - Скопје, 1989), "Виртуелно огледало"("Феникс" - Скопје, 2010).
Антологии и избори: "Вишнееења" (родољубива поезија, "Млад борец" - Скопје, 1980), "Визија на целината" (светски краток расказ, "Мисла" - Скопје, 1992), "Белиот фустан" (светска куса проза, "Феникс" - Скопје -

DO NOT COPY

2001), "Во стварноста е реалноста сосема поинаква" (светски графити, "Феникс" - Скопје, 2002), "Подарок од срцето" (љубовни песни и писма, "Феникс" -Скопје, 2003), Антологија на современиот македонски расказ ("Феникс" - Скопје, 2012), "Планета Скопје" -антологија посветена на Скопје ("Феникс" - Скопје, 2012).

Награди: за стихозбирката "Камен јазик" - награда"Ацо Шопов", за новинарство - награда "Крсте Петков Мисирков", за книгата за деца "Скопскиот трамвај" - награда"Васил Куноски", закнигата"На умните не им требаат скали за качување" - награда "Ванчо Николески", за книгата "Пирамида. Лавиринт" - награда "Крсте Чачански", за романот "Лифтот (не) е за двајца" - награда "Рациново признание" и награда "Книжевно перо", за книгата "Златното јаболко и други бајки" - награда "Вермилион", за поезија - награда "Наим Фрашери", за хаику песни - награда на Книжевната општина Вршац, награди на Друштвото на писателите на Македонија за најдобра песна и есеј, награда на Културно-просветнатазаедница на Македонија за критика, награда на Републичката конференција на младите на Македонија, награда "Феникс" на општина Центар, прва награда за хаику поезија во Мелник (Бугарија) и други награди и признанија.

Преводи и препеви: на српски, хрватски, словенечки, бугарски,француски, англиски, германски, словачки, русински, албански, турски, руски, украински и други јазици.

DO NOT COPY

PR
DIOGEN pro kultura
http://www.diogenpro.com